# II ДИНАМИКА НА ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПЦИЈАТА

Моделите на испити од Концепцијата што се однесуваат на училишната матура во гимназиското образование, училишната матура во средното уметничко образование и завршниот испит во четиригодишното средно стручно образование и кои во Република Македонија се применуваат од учебната 2007/2008 година, остануваат непроменети.

Решенијата од Концепцијата што се однесуваат на државната матура во гимназиското, четиригодишното средно стручно образование и средното уметничко образование ќе се воведуваат фазно и тоа:

- Учебна година: 2013/2014 - I фаза;
- Учебна година: 2014/2015 - II фаза;
- Учебна година: 2015/2016 - III фаза.

# 1. Реализација на државната матура во учебната 2013/2014 година

..............................................................................................................................................

Учениците во **гимназиското образование** полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература;

-прв изборен наставен предмет: математика или странски јазик;

- втор изборен наставен предмет од следната листа на наставни предмети: странски јазик[1], математика[2], хемија, физика, билогија, историја, филозофија.

**Интерно полагаат:**

- трет изборен наставен предмет од листата на општообразовни наставни предмети за полагање на државна матура.

Притоа, наставниот предмет кој ученикот го избрал на екстерно ниво, не може да го избере и на интерно ниво.

**Проектна задача**

..............................................................................................................................................

Учениците во **средното стручно образование** полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература;

-прв изборен наставен предмет: математика или странски јазик;

- втор изборен наставен предмет од следната листа на општообразовни наставни предмети: странски јазик[3], математика[4], хемија[5], физика, билогија, историја[6], бизнис.

**Интерно полагаат:**

- трет изборен наставен предмет од листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура.

**Проектна задача**

---

[1] Ученикот може да избере странски јазик само доколку како прв изборен предмет избрал математика.
[2] Ученикот може да избере математика само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[3] Ученикот може да избере странски јазик само доколку како прв изборен предмет избрал математика.
[4] Ученикот може да избере математика само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[5] Во хемиско технолошката струка се избира како општообразовен предмет.
[6] Се подразбира наставниот предмет *историја* со *историја на Македонија*.

…………………………………………………………………………………………………………………………………………

Учениците во **средното уметничко образование** полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература;

-прв изборен наставен предмет:  странски јазик или естетика/филозофија;

- втор изборен наставен предмет од следната листа на општообразовни наставни предмети: странски јазик[7], естетика[8], филозофија[9] и историја.

**Интерно полагаат:**

- трет изборен наставен предмет од  листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура.

**Проектна задача**

…………………………………………………………………………………………………………………………………………

## 2. Реализација на државната матура во учебната 2014/2015 година

**…………………………………………………………………………………………………………………………………………**

Учениците во **гимназиското образование** полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

- три задолжителни општообразовни наставни предмети: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература, странски јазик и математика.

**Интерно полагаат:**

- еден изборен наставен предмет од  листата на општообразовни наставни предмети за полагање на државна матура.

**Проектна задача**

…………………………………………………………………………………………………………………………………………

[7] Ученикот може да избере странски јазик само доколку како прв изборен предмет избрал естетика/филозофија
[8] Ученикот може да избере естетика само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик
[9] Ученикот може да избере филозофија само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик

Учениците во **средното стручно образование** полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература;

-прв изборен наставен предмет: математика или странски ;

- втор изборен наставен предмет од следната листа на наставни предмети: странски јазик[10], математика[11], хемија[12], физика, билогија, историја[13], бизнис.

**Интерно полагаат:**

- трет изборен наставен предмет од  листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура.

**Проектна задача**

.........................................................................................................................................................

Учениците во **средното уметничко образование** полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

-три задолжителни општообразовни наставни предмети: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература; странски јазик и историја.

**Интерно полагаат:**

**-** еден изборен наставен предмет од  листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура

**Проектна задача**

.......................................................................................................................................................

[10] Ученикот може да избере странски јазик само доколку како прв изборен предмет избрал математика.
[11] Ученикот може да избере математика само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[12] Во хемиско технолошката струка се избира како општообразовен предмет.
[13] Се подразбира наставниот предмет *историја* со *историја на Македонија*.

## 3. Реализација на државната матура во учебната 2015/2016 година

**……………………………………………………………………………………………………………………………………**

Учениците во **гимназиското образование** полагаат според **моделот што е предвиден за 2014/2015.**

……………………………………………………………………………………………………………………………………

Учениците во **средното стручно образование** полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

-три задолжителни општообразовни наставни предмети: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература, странски јазик и математика.

**Интерно полагаат:**

**-** еден изборен наставен предмет од  листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура.

**Проектна задача**

…………………………………………………………………………………………………………………………………

Учениците во **средното уметничко образование** полагаат според **моделот што е предвиден за 2014/2015.**

…………………………………………………………………………………………………………………………………